# „Лажици“

## *Инсталација + видео/перформанс на Исмет Рамиќевиќ*

Простор - КУЛ ПАРК (пред Културно-информативниот центар - Скопје). Време - 11 ноември 1999 година. Материјал - гипс. Инсталацијата, изведена на отворен простор и од трошен материјал, веќе ја нема. За тоа се погрижило времето. Останува само видео записот, фотографите како документација и остатоците од „дотраените“ лажици во паркот.

Проектот „Лажици“ (повторно) претставува спој меѓу амбиентална инсталација и видео/перформанс, медиуми што го интересираат Исмет Рамиќевиќ веќе подолго време. Инсталацијата се состои (поточно кажано - се состоеше) од монументални, стерилни, бели гипсени лажици различно поставени во наведениот простор. Нивната форма и поставеност настојуваат да сугерираат нови и поинакви доживувања на една реална форма на „неупотребливи и неагресивни предмети“.



Идејата се движи околу симболичкото претставување на потребата за исцелување преку лажиците - дозимери, кои во овој случај се пример за нешто трауматско - што треба да се надмине, празно - што треба да се наполни, или одбивно - што, на некој начин, треба да нè привлече. Изборот на еден ваков банален предмет за секојдневна употреба и неговото толкување, кое секогаш може да биде поинакво, провоцираат најразлични асоцијации. Иницијатор на различните начини (и можности) за размислување е безинтересното повторување (преку кое (не)успешно се репродуцира реалното) одредена „неинтересна“ форма. Нејзиното значење, пројавено некаде длабоко во потсвеста како нешто трауматско, се губи преку предимензионираното реално претставување.

И повторно се поставува прашањето за значењето на секојдневно употребливите предмети - дали се тие, навистина, безначајни или, пак, понекогаш претставуваат симбол на нешто што во потсвеста на секој човек буди најразлични чувства?

Маја ЧАНКУЛОВСКА

1290, 1